ЦЕНА 40 ДЕН.

# ЕКОНОМСКИ МАГАЗИН

ГОД. III * БР. 67 * 1 ДЕКЕМВРИ 1995 ГОД.

ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ
1945 1995
МАКЕДОНИЈА
50

ЕВРОПА
СКОПЈЕ

FERŠPED
SKOPJE

ТЕРМОСКОПЈЕ



ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА - ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЦИИТЕ

# КРЕДИТ ЗА ПРАВЕДНОСТ

ОХИС

Тутун

Жито Лукс

# ВО ОВОЈ БРОЈ


ВИДУВАЊА

„Операција 25"

„ПАЦИЕНТИТЕ" ВО КОМА

Стр 5

ПОСЕТИ, БИЗНИС СРЕДБИ, КОНТАКТИ

Стопанска делегација на Србија во Стопанската комора на Македонија

СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ СЕ ЗАЛАГААТ ЗА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА, ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ВЛАСТИ ВОВЕДОА ЦАРИНИ!?

Стр 6-7

Седница на Управниот одбор на Мешовитата македонско-словеначка комора

ЕТАПНО ДО СЛОБОДНА ТРГОВИЈА

Стр 8-9

Делегација на Стопанската комора на Македонија во Трст и Венеција

ТРАСИРАНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ ИТАЛИЈАНСКИ КАПИТАЛ Стр 10

Стопанска делегација од Истра во Стопанската комора на град Скопје

ГОЛЕМ ИНТЕРЕС ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА Стр 11

КОНТРАВЕРЗИ

Денационализација – задолжување на генерациите

КРЕДИТ ЗА ПРАВЕДНОСТ

Стр 12-14

ОД НАШ АГОЛ

Закон за трговски друштва

ЈАВЕН МОЛК Стр 15

СОСТОЈБИ

Производство и преработка на месо

КОЛКУ БЕШЕ СЛАДОК ПЕТТИОТ ЧЕРЕК

Стр 23

НА ЛИЦЕ МЕСТО

Има ли шанси за „Готекс" од Гостивар

СО (МАЛА) ПОМОШ НА БАНКИТЕ

Стр 24

МОЖНОСТИ

Големи залихи на конзумни индустриски јаболка

КВАЛИТЕТ ИМА – ПЛАСМАН НЕМА

Стр 25



ЕКОНОМСКИ МАГАЗИН

Основач:
**Стопанска комора на Македонија**

Издавач:
**Претпријатие за издавачка и публицистичка дејност „БИЗНИС МЕДИУМ"**

Директор
главен и одговорен уредник
**Лазо БУНТЕСКИ**

Одговорен уредник
**Саво ПЕЈЧИНОВСКИ**

Уредник
**Коста ИЛИЕВСКИ**

Издавачки совет:
**Светозар ЈАНЕВСКИ** (претседател)
**Љупчо КОВЧЕГАРСКИ, Доне ТАНЕВСКИ, Јорго ЌУКА Данчо ШУТУРКОВ**

ПИПД „БИЗНИС МЕДИУМ"
Редакција
„ЕКОНОМСКИ МАГАЗИН"
улица „Димитрие Чуповски" број 13, Скопје

Жиро сметка:
40100-603-16039

Телефон: (091)117-767, 118-088

Печати: НИП „Нова Македонија"

Техничко обликување
**Војислав СТАНЧЕВСКИ**

Излегува на 1 и 15 во месецот
Годишна претплата
1050 денари

# ТРАНСФОРМАЦИОНИТЕ ЧЕКОРИ НА МАКЕДОНСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**● „ОСИГУРУВАЊЕТО ВО МАКЕДОНИЈА – ЕВРОПСКИ МОДЕЛ" ОД ДИПЛОМИРАНИОТ ЕКОНОМИСТ ПЕТАР ГАНЧЕВСКИ, ИЗД. „НОВА МАКЕДОНИЈА", 1995 ГОДИНА, СТР. 370**

Од неодамна економската литература е збогатена со уште едно значајно дело од осигурителната теорија и практика, под наслов „Осигурувањето во Македонија – европски модел" од дипломираниот економист Петар Ганчевски. Овој труд, претставен како втора книга, претставува продолжение на веќе објавената прва книга „Осигурување во Македонија од попатност до стварност" (1994 год.). Со оваа книга авторот ја заокружува студијата за развојот и влијанието на социолошко-економските и политичките околности на обликувањето и осмислувањето на функцијата на осигурителната дејност во Република Македонија. Појавата на овој труд со својата исклучителна актуелност и општествена корисност на тематиката и комплексноста на материјата што ја третира, без сомнение, пополнува една сериозна празнина во литературата од областа на осигурувањето.

Без претерување, може да се тврди дека и на добрите познавачи на оваа проблематика, оваа книга ќе им биде од голема корист. Внимателниот читател може да извлече бројни и релевантни информации од осигурителната теорија, практиката и терминологијата.

Книгава што ѝ ја претставуваме на стручната и пошироката јавност, авторот ја има компонирано во неколку содржински природно логични хронолошки поврзани целини. Таа се состои од вовед и пет дела, заклучни согледувања и посебен дел кој третира бројни поjмови од осигурителната практика, како и богата статистичка документациона основа.

Во воведот авторот ја објаснува целта и задачата што си ја поставил пред себе. **Тој се зафатил со мошне макотрпен и исцрпувачки труд во настојувањето да ги заокружи историските, теоретските и практичните аспекти на почетоците на осигурителната дејност на просторот на Република Македонија.** Поставувајќи си пред себе задача да ни го претстави развојот на осигурувањето од нејзините први никулци до денес, покривајќи притоа временска димензија од шест децении, авторот Петар Ганчевски, **со видлив успех ја реализира.** Ако првата книга неодминливо ги следи почетните никулци, развојот, дилемите, контраверзите и ограничeностите на осигурувањето во епохата што веќе историски е зад нас – социјализмот, втората книга „Осигурувањето во Македонија – европски модел", како што потенцира авторот, **претставува вистински предизвик во прикажувањето на бурниот, продуктивен и квалитетен период на трансформација на оваа дејност во новосоздадените политички и економски услови.**

**● Во првиот дел авторот го задржува вниманието на читателот на основните поими за осигурителната дејност, давајќи притоа теоретска разработка на осигурувањето и неговата функција, потенцирајќи ја нејзината специфичност, по која се разликува од останатите стопански гранки.** Во настојувањата оваа книга да стане практично применлива и корисна, авторот Петар Ганчевски, благодарение на неговата проникливост во осигурителната проблематика, **ги разработува економските аспекти на некои видови осигурување, задржувајќи го вниманието на љубопитниот читател, меѓу другото, на осигурувањето и неговата функција, потенцирајќи ги специфичностите во осигурувањето, осигурување на домашен и меѓународен транспорт за конечно да се осврне и на дејноста на реосигурувањето.**



*Господин Петар Ганчевски*

**● Во вториот дел од книгата, авторот ни ги претставува посебните карактеристики од осигурувањето во периодот 1985 – 1994 година, настојувајќи, притоа, да ни ги открие главните координати на неповолните и сложени услови на стопанисување, што ограничувачки влијае на развојот на осигурителната дејност во Република Македонија.** Третираниот период е карактеристичен и по долгогодишната криза, манифестирана преку изразито високи стапки на инфлација, перманентна депрецијација на динарот, потенцирана неликвидност на стопанството, проследена со високи каматни стапки во кредитната политика, намалување на инвестиционата потрошувачка, опаѓање на акумулативната способност на стопанството и куповната моќ на населението и др.

**Авторот во овој дел од книгата го задржува вниманието на премрежијата од политичка и економска природа и нивниот непосреден учинок на дејноста на осигурувањето во Република Македонија.**

Тој посебно се задржува на влијанието на чинот на прогласувањето на независноста на Република Македонија врз осигурителната дејност. Во новосоздадените

услови и политички амбиент осигурувањето се соочи со новиот предизвик на организирање и осмислување на облиците на функционирање. Проектирањето и реализирањето на процесот на трансформација на осигурувањето, со претпочитување на пазарната логика на функционирање беше одговорна задача пред вработените на А.Д. за осигурување и реосигурување „Македонија", забележува авторот.

**Во профилирањето на моделот на организирање и функционирање на осигурителната дејност во новосоздадените политички и социолошко-економски услови, дојде до израз и потврда на ентузијазмот, стручноста и компетентноста на вработените, пред сè, на стручниот и раководниот кадар.**

● **Во третиот дел од книгата авторот го запознава читателот со екстериторијалното организационо ширење на ЗОИЛ „Македонија" вон од границите на Република Македонија, во останатите федерални единки на СФРЈ, пред сè, во Србија.** Се наведуваат мотивите на таквото екстериторијално организационо ширење.

Политичкото и економското осамостојување на Република Македонија поставија и нови барања пред осигурителната дејност, во насока на нејзино осовременување. Проширувањето и заокружувањето на оваа дејност и со активното реосигурување се наметна како неодминлива потреба. **Наместо пасивното реосигурување, за прв пат заживеа активното реосигурување преку заедничкото друштво за реосигурување во странство „Лонмак", со седиште во Лондон. Активностите продолжуваат и понатаму, покрената е иницијатива за формирање на „Маклон", заедничко Друштво за вложување на странски капитал, со седиште во Скопје. Воспоставувањето на врски со странските осигурителни компании низ форми на заедничко работење претставува процес на заокружување, но и можност за доближување и следење на современите барања на меѓународниот пазар на осигурителни услуги.**

● **Четвртиот дел од книгата авторот Петар Ганчевски го посветува на вклучувањето на европските текови на осигурувањето.** Со нагласено чувство на искусен истражувач, авторот во елаборацијата поаѓа од базичните претпоставки за воспоставување на новиот концепт и модел на осигурувањето. Тие се содржани во државно-правните и социјално-економските услови, создадени во Република Македонија од 1991 година. Државно-правниот аспект, потенцира авторот, влијаеше на обликувањето на нови рамки и за осигурителната дејност и тоа нови, квалитетно унапредени и современи рамки. Осигурувањето стекнува можност за самостојно ор-



ганизирање, на ниво на национална куќа. Создадените традиции и расположливите кадровски и материјално финансиски можности, како и организационата поставеност, како што забележа авторот, претставуваат солидна основа за брзото приспособување на осигурувањето во новосоздадените околности. Во обликувањето на европскиот модел на осигурувањето во Република Македонија, како што констатира авторот Петар Ганчевски, значаен придонес во таа насока дадоа забрзаните стопански реформи и заживувањето на пазарната економија. Тие послужија како рамка за економско и политичко профилирање на земјата и нејзино приклучување кон европските асоцијации и организации. Тоа, без сомнение, **ги определи координатите во профилирањето на развојот и перспективите на осигурителната дејност и како што констатира авторот, приклучувањето кон европските асоцијации недвојбено подразбира зајакнување на врските со модерните светски осигурителни и реосигурителни куќи, и потпирање и користење на светските искуства и нивна размена, што придонесува за зголемена сигурност за сите оние, кои своите средства ги вложија во осигурувањето.**

Во овој дел од трудот, авторот користи прилика, патем, да го претстави Акционерското друштво за осигурување и реосигурување „Македонија" преку неколку основни параметри. **Друштвото е организирано во 20 деловни единици и една Генерална дирекција, со над 830 вработени и е најголемата осигурителна куќа во Македонија, со опфат од преку 90% од осигурувањата во Република Македонија. Вкупните средства во 1994 година се проценуваа на повеќе од 78 милиони германски марки.**

● **Петтиот дел** од книгата, што ја претставуваме, **е посветена на законската и нормативната регулатива во дејноста на осигурувањето.** Авторот, со извонредна педантност, хронолошки ги бележи законската и нормативната регулатива во дејноста осигурување, потенцирајќи ја оценката дека таа проблематика била изложена на мошне динамички промени.

Во заклучните согледувања авторот ни ги презентира сублимираните сознанија, стекнати од исцрпното истражување на материјата, која е мошне комплексна, сложена и тешка.

**И, конечно, авторот на крајот од книгата посветува еден дел на објаснување на терминологијата во осигурувањето и реосигурувањето, со што и ја зголемува практичната и употребната вредност на оваа книга.**

**И, сосема на крај, да кажеме дека тематиката, документационата подлога и ширината на информациите, со кои се среќава читателот во оваа книга, како и оригиналниот начин на презентација, прегледноста, аналитичноста, разбирливоста на стилот на кој е пишуван овој труд, без сомнение ќе претставува вистинско задоволство за читателот.**

Од тие причини средбата со оваа книга претставува ретка прилика за љубопитниот читател, кој преферира на збогатување на своите сознанија од оваа проблематика.

**Д-р РИСТО ФОТОВ**